# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЖИЧАРИ И СКИ-ЛИФТОВИ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.146 од 26.08.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за жичари и ски-лифтови („Службен весник на Република Македонија" број 54/2000, 103/2008, 23/11, 53/11 и 163/13) во членот 29 став 3 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен" се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка."

**Член 2**

Во членот 33 став 1 во воведната реченица зборовите: „2.000 до" се бришат.
Ставот 2 се менува и гласи:
„Глоба во висина од 30% од одмерената глоба за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице."

**Член 3**

Во членот 34 став 1 во воведната реченица зборовите: „1.500 до" се бришат.
Ставот 2 се менува и гласи:
„Глоба во висина од 30% од одмерената глоба за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице."
Ставовите 3 и 4 се бришат.

**Член 4**

Во членот 35 став 1 во воведната реченица зборовите: „1.000 до" се бришат.
Ставот 2 се менува и гласи:
„Глоба во висина од 30% од одмерената глоба за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице."

**Член 5**

Членот 36 се менува и гласи:
„Глоба во износ од 200 до 300 евра во денарска противредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице, ако:
1) На инспекторот за жичари и ски-лифтови не му овозможи вршење на инспекција, не му дава потребни објаснувања и не му ја стави на увид потребната документација (член 28) и
2) Не постапи по решението на инспекторот (член 29).
Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице ако не се придржува на означениот начин на движење, знаците за предупредување и опасност или ако со своето однесување ја загрозува личната безбедност и безбедноста на другите корисници (член 18).
За прекршок од ставот 2 на овој член инспекторот за жичари и ски-лифтови глобата ја изрекува со издавање на прекршочен платен налог кој доколку сторителот го плати во рок од осум дена, ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.
Ако сторителот не ја плати глобата од ставот 2 на овој член во рокот определен со платниот налог, инспекторот за жичари и ски-лифтови ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка."

**Член 6**

Во членот 36-б став 2 по зборовите: „води постапка за порамнување" се додаваат зборовите: „со издавање на прекршочен платен налог".

По ставот 2 се додаваат четири нови става 3, 4, 5 и 6 кои гласат:

„Надлежните инспектори од членот 26 на овој закон се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки."

Во евиденцијата од ставот 3 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

Личните податоци од ставот 4 на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот за транспорт и врски."

**Член 7**

По членот 36-б се додава нов член 36-в, кој гласи:

**"Член 36-в**

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно Законот за прекршоците."

**Член 8**

Подзаконскиот акт утврден во овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 9**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за жичари и ски-лифтови.

**Член 10**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".